Fwd: Повторно барање, доставува
[redacted]
to:
biroescp
12-08-21 09:30 AM
Cc:
[redacted]
Hide Details
From: [redacted]
To: biroescp@mjustice.gov.mk,
Cc: [redacted]

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА - MINISTRIA E DREJTËSISË
БИРО ЗА ЗАСТАПУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ПРЕД ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА
BYROJA PËR PËRFAQËSIM E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
PARA GJYKATËS EVROPIANE PËR TË DREJTAT E NJERIUT
СКОПЈЕ SHKUP

| Примено: Pranuar: | 12-08-2021 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlera |
| 0302-163/1 | | | |

Арх знак Shenja ark. 1 год
Рок на чување Afati ruajtjes
__________ 20__ год.-viti.
Потпис/Nënshkrim, С.Л.

1 Attachment

[redacted] 9.8.2021.docx

[redacted]
булевар [redacted]
1000, Скопје
e-mail: [redacted]

**ДО**
**Бирото за застапување на Република Северна Македонија**
**пред Европскиот суд за човекови права**
**улица "Димитрие Чуповски" број 9**
**1000 Скопје**
**e-mail: biroescp@mjustice.gov.mk**
-----------------------------------------------------
(имател на информацијата)

**ПРЕДМЕТ: Барање за слободен пристап до информациите од јавен карактер, доставува**

**ВРСКА: - Наше барање во електронска форма со ваш арх. број 0302-140/1 од 28.06.2021 година**
**- Ваше Решение број 0302-140/2 од 09.07.2021 година и**
**- Ваше Решение број 0302-140/3 од 27.07.2021 година**

Ве известуваме дека од доставените информации од јавен карактер од ваша страна со погоре цитираните решенија а по повод нашето барање со ваш арх. број 0302-140/1 од 28.06.2021 година, **ВО ЦЕЛОСТ** сме задволни во однос на точките 2), 3) и 4), за што искрено ви благодариме.

Незадоволни останавме единствено од информацијата содржана во точката 1) од иницијалното барање.

Во врска со нашето барање под горниот број и датум, како и вашите две решенија

исто така со ваши архивски броеви и датуми, а согласно со одредбите од членовите: 24, 15 и 16 од Законот, бараме да ни ја доставите следната информација:

**"Записникот од седницата на Меѓуресорската комисија одржана на ден 20.05.2021 година во форма на ЕЛЕКТРОНСКИ ЗАПИС"**.

Ги наведуваме причините од кои произлегува ова наше **повторно барање**.
Имено, на ден 20.05.2021 година со почеток во 14,00 часот се одржа 20-тата седница на Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП. Седницата е одржана преку електронска врска (конференциска врска) поради КОВИД-19.
Со седницата раководеше г. Бојан Маричиќ - министер за правда, кој на самиот почеток најави дека текот на оваа седница тонски ќе се снима.
Од страна на [redacted] седницата ја следеа членовите на Управниот одбор, г-дин [redacted] и г-дин [redacted] Здружението за оваа седница за свој застапник го ангажираше адвокатот г-дин [redacted].

По анализа на доставениот Записник, констатиравме дека изнесените ставови и истакнатите барања од страна на [redacted] преку г-дин [redacted], воопшто не се содржани во доставениот Записник со ваш арх. број 0203-149/1 од 09.07.2021 година и со арх. број на Министерството за правда 21-1980/1 од 09.07.2021 година.

Сметаме дека со изготвување на записникот во писмена форма со постојната содржина е направен со умисла а со единствена цел да се создаде мислење кај консументите на тој записник дека [redacted] нема свои ставови и не истакнал свои барања, што е апсолутно неточно. Напротив, ова може да се утврди единствено со преслушување на тонскиот запис од седницата.
Само со поседување на бараната информација од јавен карактер членовите на [redacted] ќе можат успешно да ги бранат и одбранат своите гарантирани уставни и законски права, како и правата гарантирани со ЕКЧП.

Форма во која се бара информацијата:
**Како што е наведено - во форма на тонски, т.е. електронски запис**

---------------------------------------------------------------------------------------------------

Начин на доставување на информацијата:

## - А) ПО ПОШТА - ДА, со препорачана пратка

Барател на информацијата:
[redacted]
---------------------------------------------------------------------------------------------------
(назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: **НЕМА**
---------------------------------------------------------------------------------------------------
(назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

**(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер)**

**ПРИЛОЗИ:**
**Согласно со одредбите од член 24 став 3 од Законот, во електронска форма, ви ги враќаме вашите 2 решенија и Записникот од 20-та седница на Меѓуресорската комисија.**

**Во очекување на достава на бараната информација, срдечно ве поздравуваме.**

[redacted]

**10.08.2021 година**
**Скопје**

**PS: Бараме потврдете прием на овој поднесок**
**со ваш архивски број и датум**

--
Ропството не е завршено, само обликот е друг!

Displaying image.png

Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

**Биро за застапување на Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права**

Бр.0302-163/3
Скопје, 25.08.2021 година

**ДО:**
[redacted]
1000 Скопје

**ПРЕДМЕТ:** Известување

Почитувани,

Бирото за застапување на Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права Ве известува дека Вашето Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, заведено под бр.0302-163/1, е препратено до Министерство за правда, како надлежно за постапување по истото.

Барањето е препратено, имајќи предвид дека организацијата на седницата на Меѓуресорската комисија одржана на 20.05.2021 година во однос на обезбедување на техничка поддршка за нејзино електронско одржување, беше во организација на Министерството за правда, а не на Бирото за застапување на РСМ пред ЕСЧП. Бирото, нема сознанија дали текот на состанокот бил тонски сниман, ниту пак располага, ниту пак било кога располагало со тонски снимки од состанокот.

Со почит,

в.д. Директор на Бирото за застапување
на РСМ пред ЕСЧП-Владин Агент,
м-р Даница Џонова


Биро за застапување на Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3109 784
biroescp.gov.mk
ISO 9001
BUREAU VERITAS Certification